Р.

**ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО**, и тоа стечајниот судија Илјаз Исмаили, решавајќи по предлогот поднесен од предлагачот – должникот, преку полномошник адвокат Милена Секуловска од Кичево за управителот Анифе Алиу, за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВАЛОН ПЛЕЈСТЕЈШН ДООЕЛ Кичево, по одржаната расправа, во присуство на полномошникот на управителот Милена Секуловска од Кичево и времениот стечаен управник Даниела Блажевска од Битола, на рочиштето одржано на ден 18.11.2025 година донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Над должникот Друштво за производство, трговија и услуги ВАЛОН ПЛЕЈСТЕЈШН ДООЕЛ Кичево, со седиште во Кичево на ул. 11-ти Октомври бр.52Б со ЕМБС 7459130, со ЕДБ 4012 020 518 505, основано 10.02.2020 година, со претежна дејност 93.290 – Забавни и рекреативни дејности, н.д.м.; со број на жиро сметка 210-074 591 3001-49 депонент на НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, **СЕ ОТВАРА** стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и **се ЗАКЛУЧУВА.**

По правосилноста на решението Централен регистар РК Гостивар да го брише должникот од Централен регистар на РСМ.

По правосилноста на решението НЛБ Тутунска Банка АД Скопје да ја згасне трансакционата сметка на должникот а доколку има средства на неа, истите да ги префрли на жиро сметка на Буџет на РСМ број 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-134-03338, приходна шифра 722211 при Народна Банка на РСМ.

Да се објави оглас во Службен весник на РСМ, на огласна табла и веб страна на Основен суд Кичево.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Предлагачот, поднесе предлог за отворање стечајна постапка над должникот заради неликвидност.

Судот по добивањето на предлогот определи времен стечаен управник за утврдување на економско-финансиската состојба на должникот и закажа рочиште на кое предлагачот остана при наводите на предлогот, а судот во доказна постапка ги изведе доказите како на записник од 18.11.2025 година при што утврди дека се исполнети условите од чл. 5 од Законот за стечај за отворање на стечајна постапка, односно дека сметката на должникот не е блокирана но дека на должникот му престои идна неликвидност.

Од извештајот на времениот стечаен управник и приложените писмени докази судот утврди дека имотот на должникот што би влегол во стечајната маса не е доволен ни за намирување на трошоците на таа постапка заради што донесе решение за отворање и заклучување на стечајната постапка, во кој случај стечајната постапка нема да се спроведе.

Предвид на погоренаведеното согласно чл.68 од Законот за стечај се одлучи како во изреката на решението и определи објавување на ова решение.

**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО, СТ.бр. 25/25 од 18.11.2025 година.**

**Стечаен судија,**
**Илјаз Исмаили**

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот на ова решение преку овој суд до Апелациониот Суд Гостивар.

**ДНА:** Предлагачот, стечаен управник, Огласна табла и веб страна на Основен Суд Кичево, УЈП-Кичево, по правосилноста на решението на Централен Регистар на РСМ РК Гостивар.